ТВОЈА
КИСЕЛА ВОДА
*Адреса за заеднички дом*

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење (“Службен весник РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и “Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20, 227/22), Советот на Општина Кисела Вода -Скопје на ---. седница, одржана на ---.---.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи**

**Член 1**

За изградба на објекти со намена А1-Домување во куќи, на кои инвеститори се брачни другари заклучно со наполнети 40 годишна возраст, Советот на Општина Кисела Вода може да ги ослободи од плаќање на надоместок за Уредување на градежно земјиште доколку ги исполнат следните услови:

- Инвеститори мора да бидат двата брачни другари,
- Брачните другари мора да не се постари од 40 години возраст,
- Брачните другари да немаат друг објект во нивна сопственост,
- Брачните другари да не водат постапка за легализација на бесправно изградени објекти,
- Проектот, како составен дел од документацијата за одобрение согласно закон, да содржи, односно да биде разработен само еден објектот, со една станбена единица,
- Инвеститорите мора да Склучат договор со општината дека објектот нема да го отуѓуваат во рок од 10 години од денот на склучувањето на договорот.

**Член 2**

Ослободувањето од член 1 на оваа одлука може се однесува за дел од вкупниот надоместокот за уредување на градежното земјиште во висина од 40% наменет за Општина Кисела Вода за објекти во рамки на ГУП на град Скопје и 100% за објекти надвор од ГУП на град Скопје.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

**Член 3**

За докажување на условите  од член 1 на оваа Одлука, брачните другари доставуаат:

- Барање за ослободување од плаќање на надоместок за Уредување на градежно земјиште,
- Извод од матична книга на венчани,
- Копија од Лични карти - Увид,
- Уверение од Агенцијата за катастар на недвижности дека дека лицата не се запишани како носител на право во катастарот на недвижностите на објекти, за територија на Република Северна Македонија,
- Потврда од Општината во која имаат живеалиште дека не се води постапка за легализација на бесправно изграден објект,
- Доказ за поднесено барање за Одобрение за градба преку системот е-Одобрение за градење.

**Член 4**

Постапката за разгледување на поднесените барања за ослободување од плаќање на  надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи, ја спроведува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општината од редот на вработените во Општината како и претставник од Советот на Општина Кисела Вода.

Комисијата има претседател и членови и за својата работа донесува Деловник за работа на која согласност дава Градоначалникот.

Комисијата е должна да ги прими и разгледа барањата, по потреба да прибави и дополнителни докази, после што за тие кои ги исполнуваат условите од оваа Одлука, за секое барање поединечно доставува предлог до Советот за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода ".

**Бр. ----------------**
**----.-----.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина**
**Претседател**
**Светлана Колариќ**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) се утврдени надлежностите на Советот на единиците на локална самоуправа.

Во член 59 од Законот за градење ("Службен весник РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 18/20 и 279/20, 227/22), е утврдена постапката за издавање одобрение за градење и регулирањето на надоместокот а уредување на градежно земјиште, каде во став 12 се предвидува и актот врз основа на кој барателот, односно инвеститорот се ослободува од плаќање на надоместокот.

Еден од приоритетите во Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024 - 2028) е демографскиот развој на нашата држава. Владата со низа на мерки се обврзува да го стави демографскиот развој во прв план како област од клучно значење за економскиот развој, стабилноста на државата и националната безбедност. Македонија се соочува со растечки проблем на депопулација кој е предизвикан од долготрајниот, негативен природен прираст, како и растечкиот број млади и образовани луѓе кои одлучуваат да ја напуштат Македонија. Кон ова, институционално и програмски мора да се насочуваат моделите за демографска обнова, стимулирање на останувањето во Македонија и вработувањето.

Во таа насока е и Предлог Одлуката да се стави фокус на заштитата и поддршката на семејствата во обезбедување на сопствен Дом на брачните другари каде што ќе го подигнат своето семејство а се со цел демографска обнова и стимулирање на останувањето во Македонија.

Согласно податоците од државниот завод за статистика просечната возраст при склучувањето прв брак во Македонија е 27.5 години за невестите и 30.1 година за младоженците( https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=11). Со Одлуката се предвидува Брачните другари да има најмногу наполнети 40 години, бидејќи по стапувањето на брак за определени брачни заедници неопходен е период за обезбедување на финансиски средства за решавање на станбеното прашање.

Една од Приоритети на Агендата 2030 на Организацијата на Обединетите Нации (ООН) е еднакви права на сите мажи и жени, девојчиња и момчиња, добро здравје и добро управување, зачувувајќи ја природата и работејќи заедно. Согласно Јавно достапните податоци Жени сопственици на недвижен имот запишани во Катастарот на недвижности се 27%. Со предлог одлуката се предвидува Инвестиори да бидат двајцата брачни другари со што ќе се поттикне поголема родова еднаквост во сопственоста на недвижниот имот.

Согласно Буџетот за 2024 година на Општина Кисела Вода планиран е приход 132.480.000,00 денари да се оствари од Надоместокот за Уредувањето на градежното земјиште. Според податоците на Секторот за финансии заклучно со август 2024 година, Физички лица за уредување на градежно земјиште уплатиле вкупно 6.256.239,00 денари или 5% од планираниот буџет. Ако се земе податок само за лица кои наполниле најмалку 40 години тогаш вкупната уплата е 2.372.153,00 денари или 2% од планираниот буџет.

Со предложената одлука и даденото финансиско олеснување преку ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се очекува да се поттикне изградбата на семејни куќи од страна на младите брачни парови во општина Кисела Вода.